## „Муслиманите обожуваат нов Бог наречен Алах“

Некои немуслимани имаат погрешно сфаќање дека муслиманите обожуваат различен Бог од евреите и христијаните. Тоа е како резултат на фактот што муслиманите понекогаш Му се обраќаат на Бога со „Алах“. Всушност, муслиманите Го обожуваат Богот на Ное, Авраам, Мојсеј и Исус - истиот Бог како и христијаните и евреите. Зборот „Алах“ е арапски збор за Семоќниот Бог – арапски збор со богато значење, означување на единиот и еден Бог. Алах, исто така, е истиот збор што христијаните и евреите кои зборуваат арапски го користат за да Му се обратат на Бога. Ако земете арапски превод на Библијата, ќе го видите зборот „Алах“ на места каде што се наоѓа и зборот „Бог“ во македонскиот превод.
Иако муслиманите, евреите и христијаните веруваат во истиот Бог (Создателот), нивните концепти за Него значајно се разликуваат. На пример, муслиманите ја одбиваат идејата дека Бог има придружници или дека е дел од „тројството“, а Му припишуваат совршенство само на Семоќниот.

## „Исламот го дозволува тероризмот“

Ова е можеби најголемото недоразбирање за исламот, бидејќи е постојано стереотипизирано и постојано е под удар на медиумите. Прашањето што треба да го имаме на ум е: дали учењето на исламот го охрабрува тероризмот? Секако дека не! Исламот во целост ги забранува погрешно водените чинови на нишанење на невини цивили. Оттука, учењето на исламот не треба да се обвинува за акциите на некои емоционално понесени индивидуи.
Секако, исламскиот закон ја дозволува војната. Секоја религија или цивилизација која не ја дозволува, не би преживеала, но секако не простува напади против беспомошни мажи, жени и деца. Алах вели:

> *„И борете се на Алаховиот пат против оние кои се борат против вас, но не преминувајте ги границите! Алах, навистина не ги сака престапниците.“*
> *Куран, 2: 190*

Дури и за време на војна, исламот поставува стриктни правила. На пример, на муслиманот не му е дозволено да повредува или убива трговци, градежни работници, оние коишто не се борат, оние кои се физички неспособни да се борат, и луд човек или избезумен.

Всушност, на муслиманите дури не им е дозволено да уништуваат посеви и вегетација во време на војна! За оваа благородна етика не беше, и сеуште не е, слушната од ниедна војска од Западот.

Куранот јасно ја покажува сериозноста на убиство на невин човек, вредноста на човековиот живот, и ги учи муслиманите како да се однесуваат со луѓето од другите вери:

> *„Ако некој убие едно (невино) лице, исто е како да го убил целото човештво. А ако некој спаси едно лице, тоа е како да го спасил целото човештво.“*
> *Куран, 5: 32*

> *„Алах не ви забранува да чините добро и да бидете праведни кон оние коишто не војуваат против вас заради верата ваша и кои од домовите ваши не ве изгонуваат, а Алах, навистина, ги сака оние кои се праведни.“*
> *Куран, 60: 8*

Низ историјата, сме виделе многу примери на две спротивставени страни каде едниот човек е борец за својата слобода а другиот е терорист. Ова го видовме кога Индија ја постигна својата независност од британското владеење. Некои борци за слобода од Индија, кои не се сложуваа на не-насилство, беа етикетирани како терористи од страна на британската влада. Истите индивидуи беа величани од Индијците за истите активности и се сметаа за патриоти. Сличен и добро познат случај се случи и со Нелсон Мандела. Некои сегашни конфликти каде се вклучни муслиманите, исто спаѓаат во оваа категорија.

***Како може исламот да ја прости таа „навреда“, како тероризмот, кога самиот збор „ислам“ потекнува од зборот „селам“, што значи постигнување мир преку покорност кон Бога? Тоа е религија на мирот, чии основи го проповедаат неговите следбеници да го одржуваат и потпомагаат мирот низ целиот свет.***

*„На оние кои што ќе веруваат и добри дела ќе чинат Алах им ветува прошка и награда голема.“ (Куран, 5: 9)*

За подетални информации обратете се на:
www.makislam.info
e-mail: studentskiklub_sk@yahoo.com

# Недоразбирањата во врска со исламот

Што **НАВИСТИНА** знаете?

Научете ги **основите**

www.makislam.info

# Вовед

*Дали некогаш сте се запрашале зошто калуѓерката може да се покрива од глава до пети и воедно да биде почитувана поради својата посветеност на Бога, а кога муслиманката ќе се покрие, на неа се гледа како на „угнетувана“? Или зошто кога евреинот има брада, тој само ја почитува религијата, а кога муслиманот има брада, тој е „екстремист“?*

Луѓето изгледа дека имаат многу недоразбирања за муслиманите и исламот. Многумина веруваат дека западниот свет е напреден, просветен и слободен, додека исламот е спротивното: примитивен, неук и угнетувачки. Една од причините за ова верување е тоа што медиумите ги претставуваат муслиманите на начин спротивен на исламскиото учење. Клучот за разбирање на исламот и муслиманите е да се спротиставите на стереотипите и да ја разгледувате секоја ситуација во согласност со исламското учење, а НЕ според делата на некои муслимани.

## „Хиџабот (шамијата) е угнетување“

Што всушност претставува покривањето? Набљудувајќи го хиџабот, муслиманката треба да го покрие своето тело (освен лицето и дланките) со скромна облека која не ја открива својата фигура пред непознати од машкиот пол. Како и да е, хиџабот не е само поради надворешниот изглед; тој истотака е и за благородниот говор, скромноста, достоинственото и праведно однесување.

Нема ништо во хиџабот што ја ограничува слободата на жената за искажување на нејзините погледи и мислења, да поседува имот, да стекнува образование и кариера, или да си избере сопруг. Хиџабот е чин на чест и достоинство, овластување и гаранција дека жената ќе биде ценета според нејзината внатрешна духовна убавина, а не според надворешниот површен изглед. Хиџабот го ослободува и го издига статусот на жената, и бара жената да биде ценета според нејзиниот интелект, а не според нејзината сексуалност.

Причината поради која муслиманките се придржуваат до хиџабот е едноставно поради тоа што Алах (Бог) го направил тоа задолжителен чин на обожување за нив, а Алах знае што е најдобро за Неговите созданија. Хиџабот ѝ дава на жената слобода да биде активен член на општеството, одржувајќи ја нејзината пристојност. Хиџабот е наменет за во јавност, додека дома, опкружена од своето семејство, жената не е обврзана да носи хиџаб. Хиџабот не симболизира потиснување, угнетување или молк. Напротив, тој е заштитнички штит против деградирачките забелешки, несаканите унапредувања и неправедната дискриминација. Од сите преобратници во исламот, 75% се жени! Дали би прифатиле религија која ве угнетува? Така, следниот пат кога ќе видите муслиманка, знајте дека таа го покрива својот физички изглед, а не својот ум или интелект!

> *О Веровеснику,*
> *кажи им на жените свои,*
> *и на ќерките свои,*
> *и на жените на верниците*
> *нека ги спуштат веловите свои*
> *низ себе.*
> *Така најлесно ќе бидат препознаени, па нема да бидат напаствувани.*
> *Куран, 33: 59*

## „Исламот ја угнетува жената“

Едно од највознемирувачките погрешни толкувања е негативното прикажување на жената во исламот – имено, дека исламот ја деградира и угнетува жената. Според учењето на исламот, единственото нешто по кое се разликуваат луѓето во очите Божји е нивното ниво на побожност.

> *„Најугледен кај Аллах е оној кој од Него најмногу се плаши.“*
> *Куран, 49: 13*

Ајетот покажува дека муслиманите, мажи и жени, се еднакви и дека единствената разлика помеѓу нив е нивното ниво на побожност. Затоа, не е за изненадување фактот дека на секој маж преобратеник во исламот има по четири жени преобратенички. Некои од причините за оваа стапка на огромно (масовно) преминување на жените во исламот се должи на следните права негувани од исламот:

- целосна контрола врз своето богатство;
- избор на својот брачен другар;
- задржување на нејзиното презиме при стапувањето во брак;
- правото да поседува имот, да раководи со некој бизнис, да се образува, да прима подеднаква плата за подеднаква работа;
- да наследува имот, и право на развод во случај на запоставување или малтретирање;
- да учествува во сите форми на обожување во кои учествува и мажот.

*Исламот ги гарантира овие права, меѓу многуте други, за жените, уште пред 1400 години – права кои на жената од западот сеуште и недостасуваат.*

Без сомнеж, има муслиманки кои се угнетувани и на кои не им се дадени нивните права. Како и да е, тоа не е вина на исламот. Проблемот е во тоа што во многу делови од светот, културата и традициите ги засениле учењата на исламот, или преку незнаење или штетни културни обичаи.

> *„На оној кој чини добро, било маж или жена, а верник е, Ние ќе му дадеме да проживее убав живот, и навистина, ќе ги наградиме со поубава награда одошто заслужиле.“*
> *Куран, 16: 97*

Покрај тоа што исламот ги смета мажот и жената за еднакви, исто така го признава фактот дека тие не се идентични.

> *Алах вели: „...а машкото не е како женското...“*
> *Куран, 3: 36*

Оттаму исламот одредува различни улоги за мажите и жените да се размислува за овој непобитен факт. На жената и е доделена достоинствена улога и огромна одговорност на грижа за семејството и домаќинството бидејќи семејството како единка е основа на општеството.

На крај, благородната улога на жената во исламот може да се сумира преку следниот хадис на Пратеникот Мухамед, нека е Божјиот мир над него:

„Светот и сите нешта на светот се скапоцени, но најскапоцено нешто на светот е доблесната жена.“